Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Шеесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 6 април 2021 година

Скопје, април 2021 година

**З А П И С Н И К**
**од Шеесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 април 2021 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 13:30 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата учествуваа Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, м-р Никола Димитров заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања и членовите на Владата м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за правда, д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии и д-р Илир Хасани, заменик на министерот за здравство.

На седницата учествуваше и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање.

*

*         *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од 60-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 април 2021 година

- Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија

  - Агенда Европа дома

- Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1.1. – 30.6.2021 година

- Информација за степенот на реализација на препораките и преземените активности за зачувување на статусот УНЕСКО - Светско наследство на природното и културното наследство во Охридскиот Регион

1. Информација за прашања поврзани со долгот на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД Скопје кон Хрватски Железници Карго и за потребата од негово решавање

2. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на цената за објавување на огласи, акти и неважечки документи во службеното гласило „Службен весник на Република Северна Македонија“

3. Барање согласност на предлог-ценовниците (Ценовник за позиции од редовно одржување, Ценовник за возила и градежни машини, Ценовник за чинење на превоз на материјали за редовно одржување, Ценовник за периодично-инвестиционо одржување и Ценовник за чинење на превоз на материјали за инвестиционо одржување, со Предлог-одлука

4. Информација за предлог листа на супстанции и производи кои се забранети за употреба кај животните чии производи се употребуваат во исхраната на луѓето (*), со Предлог-одлука

5. Предлог-програма за изменување на Среднорочната програма за формирање, чување, обновување и користење на стоковните резерви за период 2021-2025 година

6. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерство за здравство - Државен санитарен и здравствен инспекторат (принтер)

7. Годишен извештај за работа на Агенција за енергетика на Република Северна Македонија за 2020 година, со табеларен приказ и Предлог-одлука

8. Информација на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за потребата од раскинување на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште склучен помеѓу Република Македонија - Влада на Република Македонија, како Основач на ТИРЗ Струга, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Трговско друштво за производство трговија и услуги Речи Ентерприсес ДООЕЛ увоз-извоз Струга, како закупец на земјиште, со Предлог-одлука

9. Информација за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука

10. Предлог-одлука за пренесување во сопственост недвижни ствари на Општина Старо Нагоричане

11. Предлог-одлука за престанок за користење на недвжна ствар на Општина Велес и Предлог-одлука за пренесување во сопственост на недвижна ствар на Општина Велес

12. Информација за реализација на проектот Реконструкција на атлетска патека на градски стадион во Пробиштип

13. Информација за реализација на проектите за реаконструкција на фудбалски игралишта во Демир Капија, Крива Паланка и Ресен

14. Информација за донесување на Решение за изменување на Решението за именување на членови на Групата за процена, со Предлог - решение

15. Информација за добивање согласност од Владата на Република Северна Македонија за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање преработка, рециклирање и унишување на отпад, со Предлог-одлука

16. Предлог на закон за изменување на Законот за данокот на добивка

17. Предлог на закон за изменување на Законот за енергетска ефикасност (*), по скратена постапка

18. Предлог-национална програма за координација и превземање на ефективни мерки за надзор на пазарот за 2021 и 2022 година

19. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2021 година

20. Предлог-програма за изменување на Програмата за субвенционирање на дел од трошоците за вградување на уреди за погон на ТНГ или друг вид на алтернативно гориво во возилата за 2021 година

21. Информација со Предлог-одлука за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – мермер на локалитетот „с.Ореовец“, Општина Прилеп

22. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од мотел Мип-Ко, Пробиштип, со Предлог - решение за утврдување на категорија на угостителските објекти

23. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Сити Ин, Кочани, со Предлог - решение за утврдување на категорија на угостителскиот објект

24. Информација за усвојување на Третиот двогодишен извештај за климатски промени, со текст на Извештај

25. Информација за статусот на реализација на проектот за „Изградба на прочистителна станица за отпадни води и рехабилитација и надградба на канализационата мрежа во Општина Битола“ и проектот за „Изградба на пречистителна станица за отпадни води и рехабилитација и надградба на канализационата мрежа во Општина Тетово“ вклучувајќи и план со рокови за надминување на нотираните проблеми

26. Информација за Шестиот национален извештај до Конвенцијата за биолошка разновидност (ЦБД), со текст на Шестиот национален извештај кон Конвенцијата за биолошка разновидност (ЦБД)

27. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Реџеп138Аземовиќ, ул.Мара Минанева бр.65, Струмица, со Предлог-одлука

28. Информација за начин на измирување на остатокот на долг на општините Охрид и Струга кон Министерството за финансии по основ на користени кредити склучени помеѓу Република Македонија и Европска банка за обнова и развој и Поддоговорот за кредит (Акциска програма за унапредување на општините и животната средина) од 27.12.2000 година врз основа на Договорот за заем (Акциска програма за унапредување на општините и животната средина) од 22.9.2000 година

и Амандманот бр.1 кон Договорот за заем (Акциска програма за унапредување на општините и животната средина) од 7.12.2004 година

29. Информација за издавање Писмо без приговор за предлог - проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор

30. Предлог-одлука за распределба на средства обезбедени во потпрограма 20-Сообраќај и комуникации, ставка 488 - Капитални дотации до ЕЛС во Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2021 година

31. Информација за потреба од набавка на услуга за превентивна дезинсекција против возрасни форми на комарци и против ларви од комарци

32. Предлог-одлука за забрана на продажба на одделни нафтени деривати

33. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за управната инспекција, по скратена постапка

34. Информација за потврдување на интерес на Министерството за правда на Република Северна Македонија за учество во новиот циклус на програми и агенции на Унијата во рамки на финансиската рамка 2021 – 2027 како и определување набљудувач во Европската Агенција за фундаментални права од Република Северна Македонија поради истек на мандат на постојниот набљудувач

35. Информација за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години во програмите опфатени со развојниот дел на буџетот на Министерството за надворешни работи за реализација на повеќегодишен договор за јавна набавка на работи за надворешно и внатрешно реновирање на објектот во Канбера на адреса: “11 Nuyts Street, Section 12, Block 1, Red Hill, A.C.T. 2603” за потреби на Резиденција и три станови за дипломати, добиен од сукцесија на дипломатско-конзуларниот имот на поранешната СФРЈ во сопственост на Република Северна Македонија

36. Информација за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години во програмите опфатени со развојниот дел на буџетот на Министерството за надворешни работи за реализација на повеќегодишен договор за јавна набавка на работи за базична санација на главниот и помошните објекти, обезбедување, осигурување, проценка и катастарски упис на име на Република Северна Македонија на имотот во Хараре добиен од сукцесија на дипломатско-конзуларниот имот на поранешната СФРЈ, на адреса: „41 Argyle Drive, Highlands, Harare, Zimbabwe“, во функција на продажба или размена на имотот

37. Информација за предлог-проектот на ОБСЕ и ЕУ за испитување на перцепциите на јавноста за мигрантите во ЕУ и Западен Балкан на тема: „E-MINDFUL - Подобрување на европскиот наратив за миграција заснован на докази за развој на понатамошните долгорочни активности на Унијата“

38. Информација за поднесување кандидатура на Република Северна Македонија за прием во полноправно членство во Меѓународната алијанса за сеќавање на холокаустот - ИХРА

39. Информација за влегување и престој на припадниците на вооружените сили на Соединетите Американски Држави, на Република Грција и на Република Бугарија на територијата на Република Северна Македонија заради изведување на вежба „Одлучен удар 21", со Предлог – одлука

40. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Организацијата на Обединетите нации „УНИФИЛ" во Република Либан

41. Предлог-одлука за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Организацијата на Обединетите нации „УНИФИЛ" во Република Либан

42. Предлог-одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија

43. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за наставниците и стручните соработниците во основните и средните училишта

44. Предлог на закон за учебници и други наставни и дидактички материјали во основно и средно образование

45. Предлог-одлука за доделување на средства на ученичкиот дом при СОУУД „Димитар Влахов", Струмица (режиски трошоци)

46. Предлог-одлука за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Боро Менков" Крива Паланка (режиски трошоци)

47. Предлог-одлука за доделување на средства на ученичкиот дом при ДУРДМОВ „Димитар Влахов" Скопје (режиски трошоци)

48. Предлог-одлука за доделување на средства на ученичкиот дом при ДЦУОР „Партенија Зографски" Скопје (режиски трошоци)

49. Предлог-одлука за доделување на средства на ЈУ Ученички дом на Град Скопје „Здравко Цветковски" Скопје (режиски трошоци)

50. Предлог-одлука за доделување на средства на Ученичкиот дом при СМУГС „Д-р Панче Караѓозов„ Скопје (режиски трошоци)

51. Предлог-одлука за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУ „Кочо Рацин„ Свети Николе (режиски трошоци)

52. Предлог-одлука за доделување на средства на ученичкиот дом „Браќа Миладиновци“ Струга (режиски трошоци)

53. Предлог-одлука за доделување на средства на Ученичкиот дом при ДСУОР „Искра“ Штип (режиски трошоци)

54. Предлог-одлука за доделување на средства на Ученички дом при СОУ „Митко Пенџуклиски“ Кратово (режиски трошоци)

55. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот ученички дом „Крсте Петков Мисирков“ Кавадарци (режиски трошоци)

56. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот ученички дом „Мирка Гинова“ Битола (режиски трошоци)

57. Предлог-одлука за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУ „Св. Наум Охридски„ Македонски Брод (режиски трошоци)

58. Предлог-одлука за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Бранко Станоевиќ“ Гостивар (режиски трошоци)

59. Предлог-одлука за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Лазар Лазаревски“ Велес (режиски трошоци)

60. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студенски дом „Томе Стефановски Сениќ“ Скопје (режиски трошоци)

61. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студенски дом „Кочо Рацин“ Битола (режиски трошоци)

62. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Пелагонија“ Скопје (режиски трошоци)

63. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Никола Карев“ Охрид (режиски трошоци)

64. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Браќа Миладиновци“ Штип (режиски трошоци)

65. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Народен Херој Орде Чопела“ Прилеп

66. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Скопје“ Скопје

67. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Пелагонија“ Скопје

68. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Кочо Рацин“ Битола

69. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Браќа Миладиновци“ Штип

70. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Никола Карев“ Охрид

71. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Томе Стефановски Сениќ“ Скопје

72. Предлог-одлука за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Бранко Станоевиќ“ Гостивар

73. Предлог-одлука за доделување на средства на Ученичкиот дом при РЦСОО„Ванчо Питошески“ Охрид

74. Предлог-одлука за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУУД „Димитар Влахов“ Струмица

75. Предлог-одлука за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Боро Менков”, Крива Паланка

76. Предлог-одлука за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Лазар Лазаревски“ Велес

77. Предлог-одлука за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУ „Митко Пенџуклински“ Кратово

78. Предлог-одлука за доделување на средства на Ученичкиот дом „Браќа Миладиновци“ Струга

79. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот ученички дом „Мирка Гинова“ Битола

80. Предлог-одлука за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУ „Св.Наум Охридски“ Македонски Брод

81. Предлог-одлука за доделување на средства на ЈУ Општински ученички дом „Професор Мијалковиќ“ Куманово

82. Предлог-одлука за доделување на средства на Ученичкиот дом при СМУГС „Д-р Панче Караѓозов“ Скопје

83. Предлог-одлука за доделување на средства на ЈУ Ученички дом на Град Скопје „Здравко Цветковски“ Скопје

84. Предлог-одлука за давање на времено користење на недвижни ствари на Министерство за труд и социјална политика

85. Информација за обезбедување на средства за купување на реагенси и потрошен лабораториски материјал за потребите на Институтот за имунобиологија и хумана генетика на Медицинскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

86. Информација за прогресот на реализација на Акцискиот план со дефинирани активности и рокови за имплементација на дадените препораки од конечните извештаи на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи, заедно со ревизија на усогласеност за 2018 година на Министерство за труд и социјална политика сметка на основен буџет (637)

87. Информација за Проектот Адаптација на ЈЗУ Завод за превенција, лекување и рехабилитација на хронични, респираторни, неспецифични и алергиски заболувања, Отешево и одобрување на нова динамика на плаќање

88. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Комисија за заштита од дискриминација

89. Информација на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот за доделена државна помош, за периодот јануари - декември 2020 година

90. Иницијатива поднесена од Владимир Василевски од Скопје, преку адвокат Горан Андревски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.310/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката на Владата на Република Македонија за предавање на недвижност-градежно земјиште во владение на ЈП за државни патишта, бр.42-40721 од 3.6.2014 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.90/2014)

91. Понуда од нотар Елизабета Стојаноска од Прилеп за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.15528 за КО Прилеп, на КП бр.12520, Ул Маршал Тито бр.1

92. Понуда од нотар Тања Аспорова од Велес за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.27366 за КО Велес на КП бр.16003 во место викано Речани

93. Понуда од нотар Николче Павловски од Ресен за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.63 за КО Коњско на КП бр.87 м.в Село со површина од 7771 М2

94. Понуда од нотар Александар Гуњувски од Штип за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.5442 за КО Штип - 5 на КП бр.8276, во место викано Пребег

95. Понуда од нотар од Ванчо Андоновски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 1078 за КО Маџари КП бр.1043, Имотен лист бр. 68234 за КО

Маџари на КП бр. 1043, Имотен Лист бр.8904 за КО Маџари на КП бр.1043 и Имотен лист бр.11579 за КО Маџари на КП бр.1042

96. Барање на мислење од нотар Катерина Митревска од Скопје, заради спроведување на договор за размена на недвижен имот, со Имотен лист бр.1931 за КО Чаир, на КП бр. 34 и Имотен лист бр. 93546 за КО Чаир, на КП бр. 37, каде како сосопственик се јавува Република Северна Македонија

97. Известување од извршител Катерина Кокина од Скопје, за Заклучок за трета усна јавна продажба која ќе се одржи на 16.04.2021 година, доставено под И.бр.1471/19 од 08.03.2021 година

98. Известување од извршител Снежана Андреевска од Скопје, за налог за извршување врз недвижност, доставен под И.бр.573/21 од 1 март 2021 година, с.Гиновци

99. Кадровски прашања

100. Прашања и предлози

101. Годишен извештај на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за 2020 година

102. Извештај за финансиското работење на ЈП Стрежево Битола, за четвртото тромесечие од 2020 година, од 1 октомври 2020 година до 31 декември 2020 година

103. Финансиски план за изменување и дополнување на Финанасискиот план за 2021 година на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија

104. Информација за кредитните барања кои ги исполнуваат условите (Список 6, 7 и 8) за кредитирање по Јавниот повик бр. 1 за кредити од кредитната линија за поддршка на микро и мали претпријатија со можност за грант компонента (Ковид 3 кредитна линија)

105. Годишен извештај за работа на Управата за финансиско разузнавање за 2020 година

106. Информација за извршен увид во Макпетрол Темко Скопје

107. Информација во врска со донесените Заклучоци по точка 7 од Петнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 март 2020 година

108. Информација за Предлог-програма (Финансиски план) за користење на средствата за 2021 година на Бирото за судски вештачења кои произлегуваат од Буџетот

109. Годишен извештај за работа на инспекциските служби за 2020 година

110. Информација за реализирани активности во 2020 година од Програмата за заштита на потрошувачите, за периодот 2019-2020 година

111. Извештај за реализација на Програмата за развој на туризмот за 2020 година

112. Извештај за реализација на Програма за поддршка на угостителскиот сектор во Република Северна Македонија

113. Информација во врска со Главните индикатори за успешност на работењето (KPI) за 2020 година за аеродромите во Скопје и Охрид

114. Информација за содржинско одржување на платформа за Е-учење (Систем за управување со учење –LMS)

115. Информација за спроведување на Годишната програма за обука за административно управување за 2021 година

116. Информација за имплементацијата на Националниот план за управување со квалитет во јавниот сектор за периодот 2018-2020 година

117. Барање за доделување на деловен простор за потребите на Агенција за цивилно воздухопловство, со Предлог-одлука

118. Информација за добивање согласност за доделување на трајно користење на недвижни ствари без надомест на Агенцијата за управување со одземен имот, со Предлог-одлука

119. Информација за добивање на согласност за доделување на трајно користење на недвижни ствари без надомест на Македонската православна црква - Охридска архиепископија - Скопска православна епархија, со Предлог-одлука

120. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2021 година

121. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за изградба и реконструкција на средни училишта за 2021 година

122. Предлог-програма за изменување на Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2021 година

123. Информација за пријавени проблеми со кои се соочуваат странски инвеститори

124. Информација за потпишување на Меморандум за соработка со компанијата Пејпар Мил ДОО Кочани, со текст на Меморандум

125. Предлог-одлука за престанување на важење на Одлуката за започнување на постапка за воспоставување систем за маркирање на горива, воспоставување електронски систем за следење и пронаоѓање на тутунски производи, систем за следење на алкохолни пијалоци и пиво и систем за следење на лекови

*

*         *

Владата без забелешки го усвои записникот од 60-та седница на Владата, одржана на 1 април 2021 година.

*

*         *

- Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија

  \- Агенда Европа дома

Владата ја разгледа Агендата Европа Дома, како материјал за информирање.

- Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1.1. – 30.06.2021 година

Владата заклучи:

1. Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за период 1.1.2021-30.6.2021 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година, согласно дописот на Министерството за економија и Министерството за труд и социјална политика, да се измени и тоа:

\- рокот за доставување на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за стратешки инвестиции, кој е планиран да се разгледува од Владата во март 2021 година, да се помести за мај 2021 година;
\- рокот за доставување на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика, кој е планиран да се разгледува од Владата во март 2021 година, да се помести за јуни 2021 година;
\- Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за волонтерство во Република Северна Македонија да се достави до Владата до 30.6.2021 година;
\- Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита да се достави до Владата до 31.5.2021 година;
\- Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата да се достави до Владата до 31.5.2021 година;
\- Предлогот на закон за вознемирување на работно место да се достави до Владата до 30.10.2021 година и
\- Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за еднакви можности на жените и мажите да се избрише и на негово место да стои нов

Предлог на закон за родова еднаквост, кој да се достави до Владата до 30.10.2021 година.

Согласно овој заклучок соодветно да се измени Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година.

2. Изменетата Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за период 1.1.2021-30.6.2021 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година (трета измена), да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

3. Се задолжуваат сите министри да го следат реализирањето на Законодавната агенда, навремено да ги планираат активностите во институциите, со цел доследно исполнување на обврските и роковите кои произлегуваат од Законодавната агенда.

Истовремено, Владата заклучи дека е потребно за сите барања за измени на Законодавната агенда навремено да се информира и Секретаријатот за европски прашања.

- Информација за степенот на реализација на препораките и преземените активности за зачувување на статусот УНЕСКО - Светско наследство на природното и културното наследство во Охридскиот Регион

Владата ги разгледа Информацијата доставена од Општина Охрид во врска со Информацијата за спроведување на Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион и Извештајот за извршениот увид во работата на Општина Охрид во процесот на издавање/спроведување на одобрението за градење на локацијата на поранешниот ресторан Парк Горица, доставен од Министерството за транспорт и врски, како материјали за информирање.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за транспорт и врски до Општина Охрид да го достави Извештајот за извршениот увид во работата на Општина Охрид во процесот на издавање/спроведување на одобрението за градење на локацијата на поранешниот ресторан Парк Горица, со цел на констатациите утврдени од стручната Комисија, Општина Охрид да достави одговор до Министерството за транспорт и врски.

*

*  *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

## Точка 1

Владата ја разгледа Информацијата за прашањата поврзани со долгот на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД Скопје кон Хрватски железници Карго и за потребата од негово решавање и ја усвои со следните заклучоци:

1. Формира работна група со претставници од Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии, Министерството за правда, Државното правобранителство на Република Северна Македонија и Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје.

2. Се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за правда, Државното правобранителство на Република Северна Македонија и Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје во рок од 3 дена до Министерството за транспорт и врски да достават номинација за членови на работна група.

3. Со работната група ќе раководи претставникот од Министерството за транспорт и врски.

4. Работната група се овластува да може да оствари средба со претставници на доверителот C.I.O.S d.o.o Загреб, на која ќе се разговара за изнаоѓање на можно спогодбено уредување на односите поврзани со долгот.

5. Се задолжува Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД Скопје да ангажира правна куќа или лице со меѓународно искуство при решавање на правни спорови, поврзани со меѓународниот железнички транспорт и примена на правилата и прописите на Унијата на Европски железници (УИЦ), со цел утврдување на фактичка состојба (основаност и вистинитост на побарувањето), начин на утврдување на висина на камата, постоење на околности под кои побарувањето би било застарено, утврдување на меродавно право за решавање на спорот, надлежно тело за решавање на спорот и воедно ќе предложи и можни решенија за решавање на прашањата поврзани со долгот.

## Точка 2

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на цената за објавување на огласи, акти и неважечки документи во службеното гласило „Службен весник на Република Северна Македонија“ (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 3**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Барањето согласност на предлог-ценовниците (Ценовник за позиции од редовно одржување, Ценовник за возила и градежни машини, Ценовник за чинење на превоз на материјали за редовно одржување, Ценовник за периодично-инвестициono одржување и Ценовник за чинење на превоз на материјали за инвестиционо одржување), со Предлог-одлука, поради потребата предлагачот во соработка со Секретаријатот за законодавство да изврши номотехничко усогласување на текстот на предлог-ценовниците и Предлог-одлуката за давање согласност на истите.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата за предлог листа на супстанции и производи кои се забранети за употреба кај животните чии производи се употребуваат во исхраната на луѓето (*), со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност на Листата на супстанции и производи кои се забранети за употреба кај животните чии производи се употребуваат во исхраната на луѓето, во предложениот текст.

**Точка 5**

Владата го разгледа Предлогот на програма за изменување на Среднорочната програма за формирање, чување, обновување и користење на стоковните резерви за период 2021-2025 година, ја утврди и заклучи да ја достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог Собранието да ја разгледа.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Реси Абдурахмани, директор на Агенцијата за стоковни резерви.

**Точка 6**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерство за здравство - Државен санитарен и здравствен инспекторат, во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата по новиот текст на Годишниот извештај за работа на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија за 2020 година, со табеларен приказ и Предлог – одлука, го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Годишен извештај за работа на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Министерството за економија, за потребата од зајакнување на административните капацитети на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија.

**Точка 8**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за потребата од раскинување на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште склучен помеѓу Република Македонија - Влада на Република Македонија, како Основач на ТИРЗ Струга, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Трговското друштво за производство трговија и услуги Речи Ентерприсес ДООЕЛ увоз-извоз Струга, како закупец на земјиште, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за раскинување на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште бр. 09-1107/1 од 3.8.2018 година склучен со Трговското друштво за производство трговија и услуги Речи Ентерприсес ДООЕЛ увоз-извоз Струга, како закупец на земјиште, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија, со Предлог – одлука, условно ја усвои Информацијата и условно го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија, поради потребата предлагачот да ја преработи Информацијата и Образложението кон Одлуката со наведување дали предметните недвижности се со незапишани права, согласно укажувањето на секретарот на Секретаријатот за законодавство .

**Точка 10**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за пренесување во сопственост недвижни ствари на Општина Старо Нагоричане, во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за пренесување во сопственост на недвижни ствари на Општина Велес, во предложениот текст.

## Точка 12

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на проектот Реконструкција на атлетска патека на градски стадион во Пробиштип и ја усвои, со следните заклучоци:

1. Даде согласност на Агенцијата за млади и спорт за спроведување на постапка за јавна набавка за избор на изведувач за Реконструкција на атлетска патека на градски стадион во Пробиштип, за реализација на проектот Реконструкција на атлетска патека на градски стадион во Пробиштип, во вкупна вредност од 3.000.000,00 денари, со следниов начин и динамика на плаќање:

- 1.000.000,00 денари за 2021 година,
- 2.000.000,00 денари за 2022 година.

2. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

## Точка 13

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на проектите за реконструкција на фудбалски игралишта во Демир Капија, Крива Паланка и Ресен и ја усвои Информацијата, со следните заклучоци:

1. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт да спроведе постапки за јавна набавка за избор на изведувач за реконструкција на фудбалски игралишта во Демир Капија, Крива Паланка и Ресен.

2. За реализација на проектите за реконструкција на фудбалски игралишта во Демир Капија, Крива Паланка и Ресен, се задолжува Агенцијата за млади и спорт да ги обезбеди потребните средства во висина од 8.500.000,00 денари со следниов начин и динамика на плаќање: - 3.678.000,00 денари за 2021 година, - 4.822.000,00 денари за 2022 година или по општини:
- за реконструкција на фудбалско игралиште во Демир Капија, 1.500.000,00 денари за 2021 година и 3.000.000,00 денари за 2022 година.
- за реконструкција на фудбалско игралиште во Ресен, 1.000.000,00 денари во 2021 година.
- за реконструкција на фудбалско игралиште во Крива Паланка, 1.178.000,00 денари за 2021 година и 1.822.000,00 денари за 2022 година.

3. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт да ги предвиди потребните финансиски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид истите при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

Исто така, да се има предвид укажувањето во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на Решение за изменување на Решението за именување на членови на Групата за процена, со Предлог – решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за изменување на Решението за именување на членови на Групата за процена, во предложениот текст.

Истовремено, потребно е да се има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 15**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за добивање согласност од Владата на Република Северна Македонија за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање преработка, рециклирање и унишување на отпад, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

**Точка 16**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за изменување на Законот за данокот на добивка, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии Ардиан Џеладини, државен советник во Министерството за финансии и Данаил Каров, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 17**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за енергетска ефикасност (*), по скратена постапка (нов текст), го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Зоран Маневски, заменик на министерот за економија, а за повереници м-р Размена Чекиќ-Дуровиќ,

државен секретар во Министерството за економија, Исмаил Лума, државен советник во Министерството за економија и Валентина Старделова, раководител на сектор во Министерството за економија.

**Точка 18**

Владата го донесе новиот текст на Националната програма за координација и преземање на ефективни мерки за надзор на пазарот за 2021 и 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 19**

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2021 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 20**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за субвенционирање на дел од трошоците за вградување на уред за погон на ТНГ метан или друг вид на алтернативно гориво во возилата, во предложениот текст.

**Точка 21**

Владаrа rо разгледа најновиот текст на Информацијата со Предлог-одлука за започнување на постапка за доделување на концесија за деталии геолошки истражувања на ммнерална суровина - мермер на локалитетот „с.Ореовец“, Општина Прилеп, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - мермер на локалитетот „с.Ореовец“ Општина Прилел, во предложениот текст.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од мотел Мип-Ко, Пробиштип, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект (мотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди), ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

Истовремено, да се има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 23

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел Сити Ин, Кочани, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Сити Ин со седиште на ул. Димитар Влахов бр.12, Кочани, за хотел од втора категорија со четири ѕвезди), во предложениот текст.

## Точка 24

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за усвојување на Третиот двогодишен извештај за климатски промени, со текст на Извештај, ја усвои Информацијата и го усвои Третиот двогодишен извештај за климатски промени.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии.

## Точка 25

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на реализација на проектот за „Изградба на прочистителна станица за отпадни води и рехабилитација и надградба на канализационата мрежа во Општина Битола“ и проектот за „Изградба на пречистителна станица за отпадни води и рехабилитација и надградба на канализационата мрежа во Општина Тетово“ вклучувајќи и план со рокови за надминување на нотираните проблемии и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, да ја достави ревидираната ИПА Апликација за проектот за “Изградба на прочистителна станица за отпадни води и рехабилитација и надградба на канализационата мрежа во Општина Тетово„ до Секретаријатот за европски прашања до 12 април 2021 година оставајќи ја иницијалната проценета вредност на проектот непроменета.

2. Се задолжува Министерството за финансии – Сектор за централно финансирање и склучување на договори ЦФЦД да го достави тендерското досие за проектот за „Изградба на Пречистителна станица за отпадни води и рехабилитација и проширување на канализационата мрежа во Општина Битола“ до Делегација на Европска Унија на одобрување, до 16 април 2021 година, доколку нема забелешки на доставеното тендерско досие.

3. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да го достави тендерското досие за проектот за „Изградба на Пречистителна станица за отпадни води и рехабилитација и проширување на канализационата мрежа во Општина Тетово“ до Министерството за финансии – Сектор за централно финансирање и склучување на договори ЦФЦД, а ЦФЦД да го достави до

Делегација на Европска Унија на одобрување, до 22 април 2021 година, доколку нема забелешки на доставеното тендерско досие.

4. Се задолжува Министерството за финансии – Сектор за централно финансирање и склучување на договори ЦФЦД, во фазата на тендерирање на проектот за "Изградба на прочистителна станица за отпадни води и рехабилитација и надградба на канализационата мрежа во Општина Битола„ и проектот за "Изградба на прочистителна станица за отпадни води и рехабилитација и надградба на канализационата мрежа во Општина Тетово„ доколку се случи сите технички исправни понуди да бидат над проектираниот буџет на проектите, да побара одобрување од Делегацијата на Европска Унија за продолжување на постапката преку постапка за преговарање.

5. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со Министерството за финансии, да ја информира Владата на Република Северна Македонија за потребата од обезбедување на дополнителни финансиски средства и за висината на истите доколку и после преговорите се случи сите технички исправни понуди бидат над проектираниот буџет на проектите, како и да достави барање за измена на Одлуката на Европската комисија за одобрување на проектите.

6. Се задолжува Министерството за финансии во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање, при подготовка на буџетските циркулари за Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година и буџетското планирање за 2023 година да ги предвиди средствата потребни за целосно завршување на проектите „Изградба на прочистителна станица за отпадни води и рехабилитација и надградба на канализационата мрежа во Општина Битола" и проектот за „Изградба на прочистителна станица за отпадни води и рехабилитација и надградба на канализационата мрежа во Општина Тетово".

## Точка 26

Владата ја разгледа Информацијата за Шестиот национален извештај до Конвенцијата за биолошка разновидност (ЦБД) , со текст на Шестиот национален извештај кон Конвенцијата за биолошка разновидност (ЦБД) и ја усвои Информацијата, со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Шестиот национален извештај кон Конвенцијата за биолошка разновидност (ЦБД).

2. Се задолжува Минстерството за надворешни работи во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање да го достави Шестиот национален извештај кон Конвенцијата за биолошка разновидност (ЦБД) до Секретаријатот на Конвенцијата за биолошка разновидност, до крај на април 2021 година.

## Точка 27

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Реџеп Аземовиќ, ул.Мара Минанева бр.65, Струмица, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 28

Владата ја разгледа Информацијата за начин на измирување на остатокот на долг на општините Охрид и Струга кон Министерството за финансии по основ на користени кредити склучени помеѓу Република Македонија и Европска банка за обнова и развој и Поддоговорот за кредит (Акциска програма за унапредување на општините и животната средина) од 27.12.2000 година врз основа на Договорот за заем (Акциска програма за унапредување на општините и животната средина) од 22.9.2000 година и Амандманот бр.1 кон Договорот за заем (Акциска програма за унапредување на општините и животната средина) од 7.12.2004 година, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за финансии во согласност со член 6 став (2) од Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за проектот „Акциона програма за унапредување на општините и животната средина во Куманово, Велес, Штип, Струмица, Охрид/Струга“ („Службен весник на Република Македонија“ бр.107/00 и бр.114/09), да изврши репрограм на доспеаните обврски на РЕ Колектори Струга како дел на ЈП Колекторски систем Скопје, ЈП Водовод Охрид и ЈП Водовод и канализација Струга како супсидијарни должници и општините Охрид и Струга по основ на кои извршило плаќање и можат да бидат предмет на репрограм, во износ од 244.096.999,00 денари, со состојба на ден 15.2.2021 година, со рок на отплата од 36 месечни рати и пресметка на редовна камата, во висина на есконтна (референтна) каматна стапка на Народна банка на Република Северна Македонија.

## Точка 29

Владата ја разгледа Информацијата за издавање Писмо без приговор за Предлог-проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор, со текст на Писмо и ја усвои Информацијата со следниот заклучок:

- Се овластува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, м-р Фатмир Битиќи, како назначен претставник за комуникација со Зелениот климатски фонд - Focal Point, да го потпише Писмото без приговор за Предлог - проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор во Република Северна Македонија и во рок од една недела истото да го достави до Зелениот климатски фонд, Светската банка и Министерството за финансии.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Точка 30**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за распределба на средства обезбедени во потпрограма 20-Сообраќај и комуникации, ставка 488 - Капитални дотации до ЕЛС во Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2021 година, во предложениот текст

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата за потреба од набавка на услуга за превентивна дезинсекција против возрасни форми на комарци и против ларви од комарци и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за транспорт и врски во координација со Министерството за здравство, најдоцна во рок од 2 (две) недели, да го дефинираат начинот на спроведување на превентивната дезинсекција против возрасни форми на комарци и против ларви од комарци.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да ја спроведе постапката за набавка на услуга за превентивна дезинсекција против возрасни форми на комарци и против ларви од комарци.

3. Обезбедувањето на средства и исплаќањето на преземените обврски ќе се врши со финансиски средства од буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2021 година.

**Точка 32**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за забрана на продажба на одделни нафтени деривати, во предложениот текст.

**Точка 33**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за управна инспекција, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, а за повереници Елена Манчева,

државен секретар во Министерството за информатичко општество и администрација и Кети Василевска, директор на Државниот управен инспекторат.

**Точка 34**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потврдување на интерес на Министерството за правда на Република Северна Македонија за учество во новиот циклус на програми и агенции на Унијата во рамки на финансиската рамка 2021 – 2027 како и определување набљудувач во Европската Агенција за фундаментални права од Република Северна Македонија поради истек на мандат на постојниот набљудувач, ја усвои Информацијата и притоа заклучи:

1. Го определи Народниот правобранител на Република Северна Македонија, Насер Зибери, за набљудувач во Европската Агенција за фундаментални права од Република Северна Македонија.

2. Се задолжува Министерството за правда во рок од седум дена да ја информира Европската Агенција за фундаментални права за новоименуваниот набљудувач.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години во програмите опфатени со развојниот дел на буџетот на Министерството за надворешни работи за реализација на повеќегодишен договор за јавна набавка на работи за надворешно и внатрешно реновирање на објектот во Канбера на адреса: “11 Nuyts Street, Section 12, Block 1, Red Hill, A.C.T. 2603“ за потреби на Резиденција и три станови за дипломати, добиен од сукцесија на дипломатско-конзуларниот имот на поранешната СФРЈ во сопственост на Република Северна Македонија и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Врз основа на позитивното мислење на Министерството за финансии даде согласност за преземање обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години на Министерството за надворешни работи за надворешно и внатрешно реновирање на објектот во Канбера на адреса: “11 Nuyts Street, Section 12, Block 1, Red Hill, A.C.T. 2603“, добиен од сукцесија на дипломатско-конзуларниот имот на поранешната СФРЈ и тоа:

- 2021 година – 3.500.000 денари од сметка 637-расходи од основен буџет во 2021 година и

- 2022 година – 16.500.000 денари од сметка 637-расходи од основен буџет во 2022 година

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи да ги предвиди потребните финансиски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а се задолжува Министерството за финансии да ги има предвид истите за

соодветните фискални години во буџетот на Министерството за надворешни работи.

Истовремено, потребно е да се има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 36**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години во програмите опфатени со развојниот дел на буџетот на Министерството за надворешни работи за реализација на повеќегодишен договор за јавна набавка на работи за базична санација на главниот и помошните објекти, обезбедување, осигурување, проценка и катастарски упис на име на Република Северна Македонија на имотот во Хараре добиен од сукцесија на дипломатско-конзуларниот имот на поранешната СФРЈ, на адреса: „41 Argyle Drive, Highlands, Harare, Zimbabwe", во функција на продажба или размена на имотот за некоја од наредните седници на Владата поради потребата материјалот да се усогласи со Министерството за финансии.

**Точка 37**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за предлог-проектот на ОБСЕ и ЕУ за испитување на перцепциите на јавноста за мигрантите во ЕУ и Западен Балкан на тема: „E-MINDFUL - Подобрување на европскиот наратив за миграција заснован на докази за развој на понатамошните долгорочни активности на Унијата, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за надворешни работи, во соработка со Министерството за внатрешни работи и Министерството за труд и социјална политика да ја информира Владата за резултатите од спроведувањето на проектот „E-MINDFUL- Подобрување на европскиот наратив за миграција заснован на докази за развој на понатамошните долгорочни активности на Унијата" преку доставување на конечен извештај со препораки во рок од еден месец, од денот на завршување на проектот.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Информацијата за поднесување кандидатура на Република Северна Македонија за прием во полноправно членство во Меѓународната алијанса за сеќавање на Холокаустот – ИХРА и ја усвои Информацијата со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за надворешни работи, во соработка со Министерството за образование и наука, да ја спроведе постапката за подготовка на апликацијата за прием во полноправно членство во ИХРА и истата да ја поднесе до ИХРА, најдоцна до 1 јуни 2021 година.

Истовремено, да се имаат предвид мислењата на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Министерството за финансии.

**Точка 39**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за влегување и престој на припадниците на вооружените сили на Соединетите Американски Држави, на Република Грција и на Република Бугарија на територијата на Република Северна Македонија заради изведување на вежба „Одлучен удар 21“, со Предлог – одлука и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на вежба „Одлучен удар 21“ , во предложениот текст.

2. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии - Царинска управа и Националниот координативен центар за гранично управување, а им се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, во координација со Министерството за одбрана да преземат мерки за непречено преминување на државната граница на припадниците на вооружените сили на Соединетите Американски Држави, на Република Грција и на Република Бугарија со возила, вооружување, опрема и материјално-технички средства.

3. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии - Царинска управа и Националниот координативен центар за гранично управување, а им се укажува на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје Ц.О., и Агенцијата за цивилно воздухопловство, да одредат по едно лице, за координација со лицето задолжено од Армијата на Република Северна Македонија, во врска со активностите за подготовките за изведување на вежбата и за истото да го известат Министерството за одбрана во рок од три дена.

**Точка 40**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Организацијата на Обединетите нации „УНИФИЛ“ во Република Либан, ја утврди и заклучи да се достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог Собранието да ја донесе Одлуката.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Радмила Шекеринска - Јанковска, министер за одбрана и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, а за повереник Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана.

**Точка 41**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-одлуката за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Организацијата на Обединетите нации „УНИФИЛ“ во Република Либан, ја утврди и заклучи да се достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог Собранието да ја донесе Одлуката.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Радмила Шекеринска - Јанковска, министер за одбрана и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, а за повереник Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана.

**Точка 42**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

Истовремено, Владата ја задолжи Агенцијата за катастар на недвижности, за наредната седница на Владата, да достави Програма за измена на Годишната програма на Агенцијата за катастар на недвижности, во која ќе биде предвидено впишувањето на инфраструктурните објекти во Катастарот на недвижностите.

**Точка 43**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за наставниците и стручните соработниците во основните и средните училишта за наредната седница на Владата.

**Точка 44**

Владата на предлог на предлагачот, го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлогот на закон за учебници и други наставни и дидактички материјали во основно и средно образование.

**Точка 45**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУУД „Димитар Влахов“ Струмица (режиски трошоци), во предложениот текст.

**Точка 46**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Боро Менков“ Крива Паланка (режиски трошоци), во предложениот текст.

**Точка 47**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Ученичкиот дом при ДУРДМОВ „Димитар Влахов“ Скопје (режиски трошоци), во предложениот текст.

**Точка 48**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Ученичкиот дом при ДЦУОР „Партенија Зографски“ Скопје (режиски трошоци), во предложениот текст.

**Точка 49**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на ЈУ Ученички дом на Град Скопје „Здравко Цветковски“ Скопје (режиски трошоци), во предложениот текст.

**Точка 50**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Ученичкиот дом при СМУГС „Д-р Панче Караѓозов“ Скопје (режиски трошоци), во предложениот текст.

**Точка 51**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Ученички дом при СОУ „Кочо Рацин“ Свети Николе (режиски трошоци), во предложениот текст.

**Точка 52**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Ученичкиот дом „Браќа Миладиновци“ Струга (режиски трошоци), во предложениот текст.

**Точка 53**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Ученичкиот дом при ДСУОР „Искра“ Штип (режиски трошоци), во предложениот текст.

**Точка 54**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУ „Митко Пенџуклиски“ Кратово (режиски трошоци), во предложениот текст.

**Точка 55**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот ученички дом „Крсте Петков Мисирков“ Кавадарци (режиски трошоци), во предложениот текст.

**Точка 56**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот ученички дом „Мирка Гинова“ Битола (режиски трошоци), во предложениот текст.

**Точка 57**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУ „Св. Наум Охридски“ Македонски Брод (режиски трошоци), во предложениот текст.

**Точка 58**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Бранко Станоевиќ“ Гостивар (режиски трошоци), во предложениот текст.

**Точка 59**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Лазар Лазаревски“ Велес (режиски трошоци), во предложениот текст.

**Точка 60**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студенски дом „Томе Стефановски Сениќ“ Скопје (режиски трошоци), во предложениот текст.

**Точка 61**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студенски дом „Кочо Рацин“ Битола (режиски трошоци), во предложениот текст.

**Точка 62**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Пелагонија“ Скопје (режиски трошоци), во предложениот текст.

**Точка 63**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Никола Карев“ Охрид (режиски трошоци), во предложениот текст.

**Точка 64**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Браќа Миладиновци“ Штип (режиски трошоци), во предложениот текст.

**Точка 65**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Народен Херој Орде Чопела“ Прилеп, во предложениот текст.

**Точка 66**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Скопје“ Скопје, во предложениот текст.

**Точка 67**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Пелагонија“ Скопје, во предложениот текст.

**Точка 68**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Кочо Рацин“ Битола, во предложениот текст.

**Точка 69**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Браќа Миладиновци“ Штип, во предложениот текст.

**Точка 70**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Никола Карев“ Охрид, во предложениот текст.

**Точка 71**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Томе Стефановски Сениќ“ Скопје, во предложениот текст.

**Точка 72**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Бранко Станоевиќ“ Гостивар, во предложениот текст.

**Точка 73**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Ученичкиот дом при РЦСОО „Ванчо Питошески“ Охрид, во предложениот текст.

**Точка 74**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУУД „Димитар Влахов“ Струмица, во предложениот текст.

**Точка 75**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Боро Менков“ Крива Паланка, во предложениот текст.

**Точка 76**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Лазар Лазаревски“ Велес, во предложениот текст.

**Точка 77**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУ „Митко Пенџуклински“ Кратово, во предложениот текст.

**Точка 78**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Ученичкиот дом „Браќа Миладиновци“ Струга, во предложениот текст.

**Точка 79**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот ученички дом „Мирка Гинова“ Битола, во предложениот текст.

**Точка 80**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУ „Св.Наум Охридски“ Македонски Брод, во предложениот текст.

**Точка 81**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на ЈУ Општински ученички дом „Професор Мијалковиќ“ Куманово, во предложениот текст.

**Точка 82**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Ученичкиот дом при СМУГС „Д-р Панче Караѓозов“ Скопје, во предложениот текст.

**Точка 83**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на ЈУ Ученички дом на Град Скопје „Здравко Цветковски“ Скопје, во предложениот текст.

**Точка 84**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на времено користење на недвижни ствари на Министерство за труд и социјална политика, во предложениот текст.

**Точка 85**

Владата ја разгледа Информацијата за обезбедување на средства за купување на реагенси и потрошен лабораториски материјал за потребите на Институтот за имунобиологија и хумана генетика на Медицинскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за образование и наука во рамките на одобрениот буџет за 2021 година да обезбеди средства во износ од 6.000.000,00 денари за купување на реагенси и потрошен лабораториски материјал за потребите на Институтот за имунобиологија и хумана генетика на Медицинскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со намена за анализа на најмалку 100 пациенти со тежок тек на болеста и/или членови на нивни фамилии и околу 1000 пациенти со прележан КОВИД-19 за испитување на пост - КОВИД симптомите.

## Точка 86

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот на реализација на Акцискиот план со дефинирани активности и рокови за имплементација на дадените препораки од конечните извештаи на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи, заедно со ревизијата на усогласеност за 2018 година на Министерство за труд и социјална политика, сметка на основен буџет (637) и ја усвои Информацијата со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за труд и социјална политика до Владата да достави Информација за прогресот на реализација на Акцискиот план со дефинирани активности и рокови за имплементација на дадените препораки од конечните извештаи на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи, заедно со ревизија на усогласеност за 2018 година на Министерство за труд и социјална политика сметка на основен буџет (637).

Истовремено, предлагачот да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии - по однос на дадените препораки за зајакнување на контролните активности, да се донесат интерни акти (правилници, упатства и слично) за спроведување на попис, сметководствено работење и за јавни набавки.

## Точка 87

Владата ја разгледа Информацијата за проектот Адаптација на ЈЗУ Завод за превенција, лекување и рехабилитација на хронични, респираторни, неспецифични и алергиски заболувања, Отешево и одобрување на нова динамика на плаќање и ја усвои, со следните заклучоци:

1. Даде согласност за превземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2021 година, 2022 година и 2023 година на Министерството за здравство за проектот Адаптација на ЈЗУ Завод за превенција, лекување и рехабилитација на хронични, респираторни, неспецифични и алергиски заболувања, Отешево во вкупна вредност од 114.000.000,00 денари без ДДВ со динамика на плаќање и тоа:

-20.000.000,00 денари во 2021 година;

-47.000.000,00 денари во 2022 година;
-47.000.000,00 денари во 2023 година.

2. Се задолжува Министерството за здравство да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

Истовремено, предлагачот да го има предвид Мислењето на Министерството за финансии (да ја спроведе набавката само доколку оствари заштеди и во рамки на максимално одобрените износи на расходи за соодветни фискални години).

## Точка 88

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, во предложениот текст.

## Точка 89

Владата ја разгледа Информацијата на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за доделена државна помош, за периодот јануари - декември 2020 година и притоа го утврди следното мислење:

Со Информацијата, Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија го информира Собранието на Република Северна Македонија дека, согласно член 4-а став 13 од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија“ бр.14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16 и 83/18) како давател на државна помош во име на Владата на Република Северна Македонија во периодот јануари - декември 2020 година има доделено вкупна државна помош во висина од 14.999.015,613 денари на вкупно 6 корисници.

По Информацијата на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за доделена државна помош, за периодот јануари - декември 2020 година, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки и дава позитивно мислење по истата.

Истовремено, се укажува на законската обврска од член 4-а став 14 од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија“ бр.14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16 и 83/18), согласно која Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија треба да достави годишен извештај до Комисијата за заштита на конкуренција за доделена државна помош во претходната година, најдоцна до 31 март 2021 година.

**Точка 90**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Владимир Василевски од Скопје, преку адвокат Горан Андревски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.310/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката на Владата на Република Македонија за предавање на недвижност-градежно земјиште во владение на Јавното претпријатие за државни патишта, бр.42-4072/1 од 3.6.2014 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.90/2014) и притоа го утврди следново мислење:

Од текстот и содржината на Иницијативата произлегува дека со истата се оспорува и воедно се бара да се поништи Одлуката на Владата на Република Македонија за предавање на недвижност - градежно земјиште во владение на Јавното претпријатие за државни патишта, бр.42-4072/1 од 3.6.2014 година, („Службен весник на Република Македонија“ бр.90/2014).

Според наводите во Иницијативата оспорената Одлука е во директна спротивност со членот 30 од Уставот на Република Северна Македонија, според која одредба се гарантира правото на сопственост и правото на наследување, како и во спротивност со одредбите од членот 29 од Законот за управни спорови и одредбите од членот 5, членот 8 и членот 26 од Законот за експропријација, со што на подносителот на Иницијативата насилно и незаконски му се одзема имот кој легално го поседува и владее.

Наводите во Иницијативата се неосновани од следниве причини:

Согласно член 110 од Уставот на Република Северна Македонија, Уставниот суд на Република Северна Македонија:
- одлучува за согласноста на законите со Уставот;
- одлучува за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и со законите;
- ги штити слободите и правата на човекот и граѓанинот што се однесуваат на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, политичкото здружување и дејствување и забраната на дискриминација на граѓаните по основ на пол, раса, верска, национална, социјална и политичка припадност;
- решава за судирот на надлежностите меѓу носителите на законодавната, извршната и судската власт;
- решава за судирот на надлежностите меѓу органите на Републиката и единиците на локалната самоуправа;
- одлучува за одговорноста на претседателот на Републиката;
- одлучува за уставноста на програмите и статутите на политичките партии и на здруженијата на граѓаните и
- одлучува и за други прашања утврдени со Уставот.

Согласно член 11 од Деловникот на Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.70/92 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/19 и 256/20), постапката за

оценување уставноста на закон и уставноста и законитоста на пропис или друг општ акт се поведува со решение на Уставниот суд по повод поднесена иницијатива.

Според член 12 од овој деловник, секој може да поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување уставноста на закон и уставноста и законитоста на пропис или друг општ акт.

Со Иницијативата се предлага оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за предавање на недвижност - градежно земјиште во владение на Јавното претпријатие за државни патишта, бр.42-4072/1 од 3.6.2014 година („Службен весник на Република Македонија бр.90/14), донесена од страна на Владата на Република Македонија, односно за конкретен поединечен акт, за кој воедно се води и судска постапка пред Управен суд, кој не е општ акт и не се однесува на сите граѓани на државата, со што предметната Иницијатива е правно и процедурално неоснована, со оглед дека Иницијативата не е во согласност со претходно цитираната одредба од Деловникот на Уставниот суд на Република Северна Македонија, како и одредбите на Уставот на Република Северна Македонија.

Понатаму, според член 33 став (1) од Законот за експропријација („Службен весник на Република Македонија“ бр.95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/16 и 178/16), предлагачот на експропријацијата се стекнува со владение на експроприраната недвижност во рок од осум дена од денот на постигнувањето на порамнувањето (спогодбата), од член 30 на овој закон, ако предлагачот на експропријацијата и сопственикот на експроприраната недвижност поинаку не се договорат, односно со правосилноста на решението од членот 31 на овој закон.

Според став (2) од овој член, по исклучок од ставот (1) на овој член, Владата на Република Македонија на образложен предлог на предлагачот на експропријацијата може да одлучи недвижноста да се предаде во владение на предлагачот на експропријацијата пред правосилноста, а по конечноста на решението за експропријација, ако оцени дека тоа е неопходно заради итност за градење на објекти или изведување на работи од членовите 6 и 7 на овој закон, или заради отстранување на позначителна материјална штета и опасност по здравјето на луѓето и животната средина.

Ако предлагачот на експропријацијата влегол во владение на експроприраната недвижност пред правосилноста на решението, а предлогот за експропријација во понатамошната постапка биде правосилно одбиен, предлагачот на експропријацијата е должен на сопственикот да му ја врати недвижноста во рок од 15 дена по правосилноста на решението со кое е одбиен предлогот за експропријација, ако недвижноста постои, како и да му ја надомести штетата настаната со влегување во владение на недвижноста, односно ако недвижноста не постои или неможе да му се врати, да му ја надомести штетата (член 33 став (3) од Законот).

Имено, одредбите на членот 33 уредуваат кога може предлагачот на експропријацијата да влезе во владение на експроприраната недвижност, т.е. кога може да заснова фактичка власт на неа.

Одредбите на членот 33 став (2) претставуваат исклучок од правилото да се влезе во владение по правосилност на решението. Како причини за овој исклучок се пропишани „отстранување на позначителна материјална штета“ и „опасност по здравјето на луѓето и животната средина“.

Овој исклучок се утврдува со Одлука на Владата на Република Северна Македонија и истиот треба да се применува рестриктивно, затоа што се доведуваат во прашање одредбите од членот 30 ставовите (2) и (3) на Уставот на Република Северна Македонија, според кои за одземено или ограничено овластување кое произлегува од правото на сопственост следи правичен надоместок кој не може да биде понизок од пазарната вредност на недвижноста.

Во конкретниот случај Владата на Република Македонија на образложен предлог на Министерството за транспорт и врски, во согласност со членот 33 став 2 од Законот за експропријација кој бил во сила во моментот на носење на Решението, а и денес („Службен весник на Република Македонија“ бр.95/2012, 131/2012, 24/2013 и 27/2014), донела Одлука за предавање на недвижност – градежно земјиште во владение на Јавното претпријатие за државни патишта, бр.42-4072/1 од 3.6.2014 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.90/2014) со која пред правосилноста, а по конечноста на Решението за експропријација УП.бр.26-200/3 од 17.3.2014 година, донесено од Министерството за финансии, Управа за имотно правни работи - Одделение за управна постапка во Кичево, со кое извршена е експропријација на дел од КП 2071 со површина од 224 м2 и дел од КП 2084 со површина од 19 м2, ја предала во владение конкретната недвижност на Јавното претпријатие за државни патишта.

Понатаму, одредбите на членот 33 став (3) правно ја уредуваат ситуацијата кога по влегувањето во владение на експроприраната недвижност пред правосилност на решението предлогот ќе биде правосилно одбиен. Последиците од оваа ситуација се следниве: враќање на недвижната ствар во првобитна состојба (каква што била пред да се влезе во владение) ако недвижноста постои, а ако недвижноста не постои да се даде надомест на штета, која во правниот живот треба да се толкува како надоместување на целокупната штета во смисла на одредбите од Законот за облигациони односи.

Со наводите во Иницијативата неспорно произлегува дека во конкретниот случај постапката за експропријација сеуште не е правосилно окончана и воопшто не е аргументирано од кои причини со оспорената Одлука се повредува членот 30 од Уставот, во кој е пропишано дека никому не можат да му бидат одземени или ограничени сопственоста и правата кои произлегуваат од неа, освен кога се работи за јавен интерес утврден со закон, а во случај на експропријација на сопственоста се гарантира праведен надомест кој не може да биде понизок од пазарната вредност, а која одредба е во согласност со оспорената законска одредба со која

предлагачот на експропријацијата е должен на сопственикот да му ја врати недвижноста во рок од 15 дена по правосилноста на решението со кое е одбиен предлогот за експропријација, ако недвижноста постои, како и да му ја надомести штетата настаната со влегување во владение на недвижноста, односно ако недвижноста не постои или не може да му се врати, да му ја надомести штетата.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека Иницијативата поднесена од Владимир Василевски од Скопје, преку адвокат Горан Андревски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.310/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката на Владата на Република Македонија за предавање на недвижност - градежно земјиште во владение на Јавното претпријатие за државни патишта, бр.42-4072/1 од 3.6.2014 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.90/2014) е неоснована и Одлуката на Владата на Република Македонија за предавање на недвижност - градежно земјиште во владение на Јавното претпријатие за државни патишта, бр.42-4072/1 од 3.6.2014 година („Службен весник на Република Македонија" бр.90/2014) треба да остане во сила од причина што истата е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија и е донесена во согласност со член 33 став 2 од Законот за експропријација кој бил во сила во моментот на носење на Решението, а и денес („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/2012, 131/2012, 24/2013, 27/2014) и му предлага на Уставениот суд на Република Северна Македонија да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на оваа Одлука.

**<u>Точка 91</u>**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Елизабета Стојаноска од Прилеп за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.15528 за КО Прилеп, на КП бр.12520, Ул Маршал Тито бр.1 и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**<u>Точка 92</u>**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Тања Аспорова од Велес за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.27366 за КО Велес на КП бр.16003 во место викано Речани и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**<u>Точка 93</u>**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Николче Павловски од Ресен за продажба на недвижен имот, со која се нуди право на првенствено купување на недвижен имот - земјиште кое претставува 1293/7756 идеален дел од КП бр.87, КО Коњско, со Имотен лист бр.63 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 94

Владата ја разгледа Понудата од нотар Александар Гуњувски од Штип за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.5442 за КО Штип - 5 на КП бр.8276, во место викано Пребег и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 95

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ванчо Андоновски од Скопје за продажба на недвижен имот на ул. Б. Стефковски во Скопје со Имотен лист бр.1078 за КО Маџари на КП бр.1043, Имотен лист бр.68234 за КО Маџари на КП бр.1043, Имотен Лист бр.8904 за КО Маџари на КП бр.1043 и Имотен лист бр.11579 за КО Маџари на КП бр.1042 и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 96

Владата го одложи разгледувањето на Барањето на мислење од нотар Катерина Митревска од Скопје, заради спроведување на договор за размена на недвижен имот, со имотен лист бр.1931 за КО Чаир, на КП бр. 34 и Имотен лист бр. 93546 за КО Чаир, на КП бр. 37, каде како сосопственик се јавува Република Северна Македонија за наредната седница на Владата, поради потребата мислење да достави Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје.

## Точка 97

Владата го разгледа Известувањето од извршител Катерина Кокина од Скопје, за Заклучок за трета усна јавна продажба која ќе се одржи на 16.4.2021 година, доставено под И.бр.1471/19 од 8.3.2021 година и по Известувањето го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 98

Владата го одложи разгледувањето на Известувањето од извршителот Снежана Андреевска од Скопје, за налог за извршување врз недвижност, доставен под И.бр.573/21, с.Гиновци, поради потребата мислење да достави Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје.

**Точка 99**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 100**

**1.** Владата го разгледа Барањето за измена на Заклучокот од Точка 31 од Нацрт – записникот од Сто триесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 мај 2019 година, го прифати Барањето и истиот да гласи:

- „Се определува д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Протоколот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Швајцарскиот федерален совет и за изменување на Спогодбата од 14 април 2000 година меѓу Македонската Влада и Швајцарскиот федерален совет за одбегнување на двојното оданочување по однос на данокот на доход и данокот на капитал.

**2.** Владата по Барањето за изменување и дополнување на Заклучок под реден број 7 од Точка 1 од Шеесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија доставено од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство заклучи да се измени и дополни Заклучокот под реден број 7 од Точка 1, од Шеесет и третата седница на Владата, одржана на 5 април 2021 година и истиот да гласи:

„1. Во делот на исклучоците од воведената забрана и посебен режим на движење на граѓаните на целата територија на Република Северна Македонија, регистрираните индивидуални земјоделци во Единствениот регистар на земјоделски стопанства (ЕРЗС) кој го води Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, дозволите за движење да ги обезбедат преку алатката за давање дозволи од Министерството за информатичко општество и администрација, преку овластени лица од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Барањата се доставуваат по телефон или на е – маил преку Подрачната единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство која мора да провери дали барателот е запишан во Единствениот регистар на земјоделски стопанства.

Земјоделските стопанства кои не се регистрирани во системот на Единствениот регистар на земјоделски стопанства, дозволите за движење да ги обезбедат преку Општинските кризни штабови.

Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство соодветно да го информира земјоделскиот сектор во врска со ова прашање.

Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација соодветно да обезбеди пристап до алатката за давање дозволи на овластените лица од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство".

**4.** Владата го разгледа Извештајот од 31-та седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, одржана на 29 март 2021 година по Известувањето на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија со Анализа за спроведување на проектот во општините за искористување на средствата за субвенционирање на инвертер клими, под бр.45-216/3 од 10.03.2021 година и заклучи:

- Во однос на неискористените финансиски средства за набавка и монтажа на високоефикасни инвертер клима уреди и замена на постоечките нееколошки системи за греење во трите основни училишта во Општина Струмица и во однос на вишокот на средства останати на сметка на општината Кичево и Град Скопје, се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да подготви соодветно изменување на предметните одлуки за одобрување средства од Буџетот на Република Северна Македонија, кои да се сметаат за донесени на оваа седница на Владата.

**5.** Владата заклучи заклучоците од Педесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 март 2021 година, во делот на Прашања и предлози, по Точка 56: „Информација за имплементација на петтиот сет економски мерки за ревитализација на економијата во услови на COVID-19", да се дополнат и да гласат:

„За Мерката 2 Финансиска поддршка преку кредити со 0% каматна стапка за најпогодените сектори (туризам, занаетчии, угостителство, транспорт, индустрија за организација на настани и др.) се задолжуваат Министерството за финансии и Развојната банка на Република Северна Македонија во рок од седум дена до Владата да достават план за имплементирање и операционализирање на мерката.

За Мерката 4 Ослободување од надоместокот за МУКС, се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да склучи договор со Агенцијата за електронски комуникации за донација на износ од вкупниот надоместок кој медиумите во Република Северна Македонија го плаќаат по овој основ за 2021 година. Средствата по основ на овој договор за донација Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ги искористи исклучиво за реализација на оваа мерка, за што повратно ќе ја извести Владата.

За Мерката 7 Финансиска поддршка за меѓународни транспортери, се задолжува Министерството за транспорт и врски во рок од седум дена да се обрати до Централниот регистар на Република Северна Македонија со барање за доставување на податоци за приходите за 2019 и 2020 година на регистрираните компании за меѓународен линиски и/или слободен превоз со цел реализација на мерката.

За Мерката 8 Финансиска поддршка за превоз на патници во патен сообраќај, се задолжува Министерството за транспорт и врски во рок од седум дена да се обрати до Централниот регистар на Република Северна Македонија со барање за доставување на податоци за приходите за 2019 и 2020 година на регистрираните компании за меѓународен линиски и/или слободен превоз со цел реализација на мерката.

За Мерката 11 Поддршка за индустријата и операторите за организација на настани за реализација на проекти од исклучителен јавен и државен интерес, се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија во рок од седум дена да го објави повикот со кој ќе се реализира оваа мерка.

За Мерката 13 Фонд за поддршка на извозни компании, се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Развојната банка на Република Северна Македонија во рок од седум дена да подготви и до Владата да достави концепт со методологија и критериуми за воспоставување на Фондот.

За Мерката 14 33% од сумата што спортските клубови ја добиваат според ваучерскиот систем да се исплатат од буџетот на почетокот на годината, се задолжува Агенцијата за млади и спорт, во соработка со Министерството за финансии и Управата за јавни приходи во рок од седум дена до Владата да достават подготвени акти за имплементација на мерката.

За Мерката 17 Ревидирање на Царинскиот тарифник, се задолжуваат Министерството за финансии и Министерството за економија, во соработка со Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции да ја интензивираат работата на работната група за ревизија на Царинскиот тарифник и до 13 април до Владата да достават прва драфт - верзија на новиот Царински тарифник.

За Мерката 18 Олеснителни услови за 2020 година за 245 компании кои имаат активни договори и потенцијално нови кои ќе инвестираат според Законот за финансиска поддршка на инвестициите, се задолжува Министерството за економија во рок од 14 дена до Владата да ги достави предлог - измените на Законот за финансиска поддршка на инвестициите.

За Мерката 20 Користење на средства од неискористени блок дотации за општините за капитални инвестиции, се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Министерството за локална самоуправа, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за култура и другите надлежни министерства, во рок од седум дена до Владата да предложат законски решенија за реализирање на мерката.

За Мерката 22 Бришење на камати по долгови на граѓаните спрема јавни институции/претпријатија и за даночни долгови, се задолжува Министерството за правда, во соработка со Министерството за финансии, Министерството за локална

самоуправа, Министерството за транспорт и врски, Министерството за правда, Управата за јавни приходи и ЗЕЛС да ја операционализираат мерката и до Владата да достават Предлог на закон за репрограмирање на даночните долгови на физичките лица со право на отпишувањето на камата.

За Мерката 23 Финансиска поддршка за здравствени работници кои биле изоставени со третиот пакет мерки, се задолжува Министерството за здравство во најкус можен рок да ја операционализира мерката.

За Мерката 24 Временско продолжување на концесии, и одложување наплаќање на надомест за лиценци и дозволи за вршење дејности, се задолжуваат Министерството за економија, Министерството за транспорт и врски и останатите министерства кои издаваат лиценци и дозволи за вршење дејности да ја операционализираат мерката и за истото да ја информираат Владата.

За Мерката 25 Ослободување од договорни обврски (плаќање пенали) за договори потпишани со ЕЛС на компании погодени од кризата, се задолжува Министерството за транспорт и врски во рок од 14 дена да подготви и до Владата да достави предлог - законски измени со цел реализација на мерката.

За Мерката 27 Финансиска поддршка со креирање т.н. Мечинг фонд за претприемачи Роми, се задолжува Министерството за труд и социјална политика, во соработка со Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и Развојната банка на Република Северна Македонија во рок од 30 дена да ја операционализираат мерката.

За Мерката 29 Дигитална трансформација на бизнисите, се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација во рок од 30 дена да подготови и распише јавен повик за спроведување на мерката“.

**6.** Во врска со доставената Информација од Општина Струмица за спроведување на постапката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за КП 7034/20 КО Струмица, под број 22-549/1 од 2.4.2021 година, Владата го задолжи АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, да подготви и до Владата да достави измена на Годишната програмата за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија за 2021 година, односно од истата да се изземе Урбан блок 36/10, Општина Струмица (содржан во Прилог 1, составен дел на оваа програма).

**<u>Точка 101</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Годишниот извештај на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 102**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на ЈП Стрежево Битола, за четвртото тромесечие од 2020 година, од 1 октомври 2020 година до 31 декември 2020 година, со дополнувањето, како материјал за информирање.

**Точка 103**

Владата го разгледа новиот Финансиски план за изменување и дополнување на Финансискиот план за 2021 година на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија, со дополнителни материјали, како материјал за информирање.

**Точка 104**

Владата ја разгледа Информацијата за кредитните барања кои ги исполнуваат условите (Список 6, 7 и 8) за кредитирање по Јавниот повик бр. 1 за кредити од кредитната линија за поддршка на микро и мали претпријатија со можност за грант компонента (Ковид 3 кредитна линија), со допонително доставените збирни списоци на одобрени кредитни барања од кредитните линии Ковид 1, Ковид 2 и Ковид 3, како материјал за информирање.

**Точка 105**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работа на Управата за финансиско разузнавање за 2020 година (најнов текст), како материјал за информирање.

**Точка 106**

Владата ја разгледа Информацијата за извршен увид во Макпетрол Темко Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 107**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со донесените Заклучоци по точка 7 од Петнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 март 2020 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата повторно ги донесе следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за одбрана и Дирекцијата за заштита и спасување да преземат соодветни активности и мерки за уништување на експлозивните направи што се наоѓаат во подрумските простории од хала 6.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да склучи договор за ангажирање на Институтот за хемија, ПМФ Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје со цел изготвување на анализа со која

ќе се утврди видот на сите материи со непознат хемиски состав, со предлог за нивна дислокација и одлагање и/или метод за уништување.

3. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ги предаде сите материи со непознат хемиски состав на Институтот за хемија, ПМФ Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, со цел да се изготви потребната анализа од заклучокот број 2.

**Точка 108**

Владата ја разгледа Информацијата за Предлог-програма (Финансиски план) за користење на средствата за 2021 година на Бирото за судски вештачења кои произлегуваат од Буџетот, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 109**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работа на инспекциските служби за 2020 година, како материјал за информирање

**Точка 110**

Владата ја разгледа Информацијата за реализирани активности во 2020 година од Програмата за заштита на потрошувачите за периодот 2019-2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 111**

Владата го разгледа Извештајот за реализација на Програмата за развој на туризмот за 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 112**

Владата го разгледа Извештајот за реализација на Програмата за поддршка на угостителскиот сектор во Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

**Точка 113**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со главните индикатори за успешност на работењето (KPI) за 2020 година за аеродромите во Скопје и Охрид, како материјал за информирање.

## Точка 114

Владата ја разгледа Информацијата за содржинско одржување на платформа за Е-учење (Систем за управување со учење –LMS), како материјал за информирање. “

## Точка 115

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на Годишната програма за обука за административно управување за 2021 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 116

Владата ја разгледа Информацијата за имплементацијата на Националниот план за управување со квалитет во јавниот сектор за периодот 2018-2020 година, како материјал за информирање.

## Точка 117

Владата по Барањето за доделување на деловен простор за потребите на Агенција за цивилно воздухопловство, со Предлог-одлука ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Агенција за цивилно воздухопловство, со заклучок истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство и да се обезбедат мислења од Управата за имотно правни работи и Агенцијата за катастар на недвижности.

## Точка 118

Владата ја разгледа Информацијата за добивање согласност за доделување на трајно користење на недвижни ствари без надомест на Агенцијата за управување со одземен имот, со Предлог-одлука (најнов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Агенцијата за управување со одземен имот, во предложениот текст.

## Точка 119

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за доделување на трајно користење на недвижни ствари без надомест на Македонската православна црква – Охридска архиепископија - Скопска православна црква, со Предлог – одлука и не ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Македонската православна црква - Охридска архиепископија - Скопска православна црква, согласно укажувањето изнесено во Мислењето на Секретаријатот за законодавство.

**Точка 120**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 121**

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за изградба и реконструкција на средни училишта за 2021 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 122**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за изменување на Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 123**

Владата ја разгледа Информацијата за пријавени проблеми со кои се соочуваат странски инвеститори, како материјал за информирање.

**Точка 124**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Меморандум за соработка со компанијата Пејпар Мил ДОО Кочани, со текст на Меморандум и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се согласува со содржината на предложениот Меморандум за соработка со компанијата Пејпар Мил ДОО Кочани.

2. Се овластува Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Меморандумот за соработка со компанијата Пејпар Мил ДОО Кочани.

**Точка 125**

Владата ја донесе Одлуката за престанување на важење на Одлуката за започнување на постапка за воспоставување систем за маркирање на горива, воспоставување електронски систем за следење и пронаоѓање на тутунски производи, систем за следење на алкохолни пијалоци и пиво и систем за следење на лекови, во предложениот текст.

*

*　　*

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:55 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| **Мухамед Зеќири** | **Зоран Заев** |

Подготвил: Маја Богоевска
Контролирал: Зоран Брњарчевски
Согласен: Снежана М. Пендовски
Љубица Р. Димовска
Одобрил: Дејан Јакимовски